# Оглас за Правен советник/чка во Советувалиште во Скопје

**1. Опис на работни задачи**

Работни задачи што треба да бидат реализирани од страна на кандидатите/ките се следниве:

· Да обезбеди правно советување за жени жртви на родово базирано и семејно насилство;
· Да подготви правни акти што се поврзани со постапување во случаи на родово базирано и семејно насилство и да ги проследи до надлежните институции;
· Да ги документира случаите на родово базирано и семејно насилство;
· Да изработува други правни акти за организацијата и да учествува во изработка на извештаи за национално застапување
· Да биде во постојана комуникација и координација со проектниот тим

**2. Квалификации и барања што треба да ги задоволат кандидатите/ките:**

Ве охрабруваме да се пријавите доколку имате:

- Универзитетска диплома во областа на правните науки
- Постдипломски, докторски студии и положен правосуден испит ќе се сметаат за предност
- Одлично познавање на македонски и англиски јазик, албански јазик ќе се смета за предност
- Одлични организациски и комуникациски вештини
- Одлични способности за работа во тим
- Доверлива личност која ќе ги почитува принципите и правилата на организацијата
- Одлично познавање на MS Office програмите
- Најмалку една година искуство во работа со жени жртви на родово базирано и семејно насилство (вклучително и деца) и/или искуство во граѓански сектор

**3. Времетраење и период на спроведување на активностите**

Кандидатот/ката ќе биде хонорарно ангажиран/а првично во времетраење од три месеци со можност за продолжување до една година. Работното време е флексибилно и изнесува 20 часа неделно. Месечниот бруто хонорар изнесува 18 000 МКД во кој е вклучен персоналниот данок на доход. Ангажманот започнува од 01.02.2023 година во Скопје.

4**. Пријавување и избор**

Заинтересираните кандидати/ки можат да се пријават со доставување на следниве документи:

· Професионално CV;
· Писмо за искажување на интерес на македонски јазик;

- Скенирана диплома за завршено образование;
- Најмалку две референци од претходни работни места, пракси, волонтирање и др.

Пријавите треба да се достават најдоцна до **25.01.2023** на е-пошта: sozm@t.mk, teazografska@gmail.com и stankovikmartina@gmail.com, со предмет: Апликација за **Правен советник/чка во Советувалиште за жени жртви на родово базирано и семејно насилство**.

Кандидатите/ките кои ќе влезат во потесен избор ќе бидат повикани на интервју. Апликации со нецелосна документација нема да се разгледуваат.